**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11.09.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3935 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - **Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2)**

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 август 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 септември 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите треба да бидат преведени на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е во мнозинство)

6. **Претходно изречена мерка:**

- нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), емитуван на 4 август 2017 година, **е констатирано прекршување на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите треба да бидат преведени на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е во мнозинство).

Со надзорот е констатирано дека на 4 август 2017 година, на програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија – Втор програмски сервис (МРТ2), во рамки на Светското првенство во атлетика во Лондон со пренос во живо, имаше обраќање на градоначалникот на Лондон, при што обраќањето е емитувано на англиски јазик, без да биде преведено на албански јазик или на другите јазици на немнозинските заедници на кој што МРТ2 емитува програма.

| Наслов на емисија | Период на емитување на емисијата | | Период на емитување на непреведени делови | | Опис |
|---|---|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | Почеток | Крај | |
| Светско првенство во атлетика - Лондон | 19:55:19 | 23:02:36 | 19:55:19 | 19:58:32 | Во рамки на Светското првенство во атлетика во Лондон, со пренос во живо, имаше директно обраќање на градоначалникот на Лондон, при што обраќањето е емитувано на англиски јазик, без да биде преведено на албански јазик или на другите јазици на немнозинските заедници на кој што МРТ2 емитува програма. |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје (МРТ2), на 4 авуст 2017 година, во рамки на Светското првенство во атлетика во Лондон, со пренос во живо, имаше директно обраќање на градоначалникот на Лондон, без да биде преведено на албански јазик или на другите јазици на немнозинските заедници на кој што МРТ2 емитува програма.

9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Вториот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) и согласно точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***